Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-324/4
__________ година
27-06-2024

Постапувајќи по претставка бр. 08-324/1 од 22.3.2024 година поднесена од
против ДСУЛУД „Лазар Личеновски" и директорот за извршена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на образование во областа на работата и работните односи сторена од страна на директорот на ДСУЛУД „Лазар Личеновски"
врз

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-324/1 од 22.3.2024 година, поднесена од страна на за сторена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи, од страна на директорот на ДСУЛУД „Лазар Личеновски"

Согласно наводите од претставката, подносителката е дипломиран инженер архитект со VII/1 степен на стручна подготовка, согласно што засновала работен однос на определено време, при што со трансформација склучила договор за вработување на неопределено време дел. Бр. 04-321/3 од 28.11.2011 година. Оттука, подносителката наведува дека во учебната 2005/2006 година ги предавала предметите Нацртна геометрија и Перспектива со неделен фонд од 8 часа, додека од учебната 2006/2007 до 2015/2016 година ги предавала предметите Конструктивно-технолошка подготовка (преименуван во Дизајн на мебел со наставна програма од 2013 година), Дизајн на мебел и Дизајн продукт. Од учебната 2016/2017 година до 2021/2022 ги предавала предметите Дизајн на ентериер за I, II и III година, Перспектива и Основи на конструкции за IV година. Дополнително на претходно наведениот договор за вработување на неопределено време, имала склучено и Договор за вработување на јавен службеник дел. Бр. 04-178/2 од 4.5.2012 година, при што со двата договори, работниот однос ѝ бил заснован на неопределено време, и тоа со полно работно време од 40 работни часа неделно.

Оттука, во претставката се истакнати наводи дека врз подносителката е извршена дискриминација од страна на директорот на училиштето со Одлука за распоредување на наставници и стручни соработници бр. 04-420/1 од 31.8.2022 година, со која подносителката тврди дека споредбено со останатите наставници, нејзе ѝ се распоредени 10 часа кои не се во согласност со нејзиното образование, и тоа Типографија – 8 часа и Основи на конструкции за III година – 2 часа, при што во претставката е наведено дека во прилог на оваа одлука нема образложение или пак акти од кои би можела да се види основаноста за ваквата прераспределба. Дополнително на ова, истакнато е дека ваквата одлука е донесена согласно член 92 од Законот за средно образование и член 99 од Статутот на ДСУЛУД „Лазар Личеновски", кои му даваат право

на директорот самостојно да донесува одлуки за распоредување на наставници, стручни соработници и друг административно-технички кадар, но не и врз основа на член 3 став 2 од Правилникот за систематизација на работните места во ДСУЛУД „Лазар Личеновски", каде е определено дека работите и задачите утврдени со овој Правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените. Во оваа насока, подносителката упатува дека за наставник по Дизајн на ентериер е предвидено да биде вработено лице со образование – Архитектонски факултет, како и за работното место наставник по предметот Дизајн на мебел, поради што и тврди дека и е нанесена со тоа што не ѝ се распоредени часови за предмети за кои е стручна и се соодветни согласно нејзиното образование. Оттука, во претставката е истакнато дека претходно наведените предмети за кои подносителката тврди дека поседува соодветно образование, се распределени кај друга наставничка – , која поседува образование за Уметничко просторно оформување, кое не е предвидено во Правилникот за систематизација за предметот Дизајн на ентериер.

Во продолжение на претставката е наведено дека по извршен вонреден инспекциски надзор од страна на државниот просветен инспектор  бил составен Записник бр. 09-1247 од 19.9.2022 година, при што наведената инспекторка дополнително се обратила до Бирото за развој на образованието за мислење во врска со соодветноста на образованието на наведената наставничка – . Оттука, од страна на БРО било издадено Мислење бр. 08-1758/2 од 28.9.2022 година, со кое било од страна на бирото било утврдено дека „лицето исполнува еден од наведените критериуми во нормативот за наставен кадар и може да ја реализира наставата по наставниот предмет Дизајн на ентериер за I(прва), II(втора), III(трета) и IV(четврта) годинана уметничкото образование – ликовна уметност и дизајн". Оттука, подносителката на претставката истакнува дека директорот на училиштето го немал предметното мислење на БРО при носењето на одлуката за распределба на часови.

Во продолжение на претставката, наведено е дека согласно донесеното мислење од страна на БРО, државниот просветен инспектор  Решение со кое се изрекува опомена на директорот да изврши соодветно распоредување на наставниот кадар според наставните програми за предметите Типографија и Основи на конструкции за III (трета) година. Притоа, следствено на ова, директорот на училиштето донел Одлука бр. 012-480/1 со која на подносителката ѝ се одземаат часовите по предметите: Типографија (8 часа) и Основи на конструкции за трета година (2 часа), при што нејзиниот фонд на часови се намалува за 10 часа, а работното време ѝ се сведува на 20 часа неделно, согласно што на подносителката ѝ бил приложен нов договор за вработување на неопределено време, кој одбила да го потпише.

Во врска со претходно наведеното, подносителката наведува дека до училишниот одбор на ДСУЛУД „Лазар Личеновски" поднела приговор, кој бил одбиен со Одлука бр. 02-531/6 од 8.11.20222 година со образложение дека подносителката ја згрешила процедурата со тоа што прво поднела жалба до Државниот просветен инспекторат, па последователно на тоа до Училишниот одбор како орган на управување кој решава по приговори и жалби на вработени, при што подносителката истакнува дека станува збор за поднесена претставка, а не жалба до ДПИ.

Во претставката е дополнително истакнато дека подносителката поднела тужба до Основен суд Скопје за делумно поништување на одлуката бр. 012-480/1 од 28.9.2022 година во делот за распоредувањето на нејзините наставни часови, со што подносителката се повикува на записникот на ДПИ бр. 09-1247 од 19.9.2022 година согласно кој нејзиното образование е соодветно за наставен кадар во наставната програма по Дизајн на ентериер за прва, втора, трета и четврта година.

Во однос на одлуките за прераспределба и промена на фондот на наставни часови, подносителката наведува дека смета дека е направена дискриминација со тоа што ваквите одлуки не ѝ се доставени навремено, ниту пак лично на неа, повикувајќи се на фактот дека со ваквата достава не ѝ било овозможено да ја оствари заштитата на нејзините права од работен однос.

Во претставката е дополнително истакнато дека наведената дискриминација е извршена со тоа што директорот на ДСУЛУД „Лазар Личеновски" не го испочитувал член 16 став 1 од Колективниот договор за средно образование на Р.С.М. согласно кој работникот во текот на траењето на работниот однос може да биде распореден на друго работно место во дејноста која одговара на неговиот степен на стручна подготовка ако работното место се укинува или е намален обемот на извршување. Оттука, подносителката на претставката наведува дека во нејзиниот случај, не станува збор за укинување на предметот Дизајн на ентериер или пак намалување на обемот на извршување на истиот, туку станува збор за прераспределување на предметот кај наставничката

Во однос на предметот Дизајн на мебел кој подносителката го предавала во учебната 2015/2016 година, во претставката е наведено дека на местото на подносителката било вработено ново лице, со согласност од МОН бр. 13-8494/2 од 25.6.222 година, при што по спроведувањето на јавниот оглас, била избрана вработената која подносителката тврди дека не го положила стручниот испит. Во продолжение на ова, наведено е дека по спроведениот инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат, ви решението бр. 09-1433 од 13.10.2022 година издадено од нивна страна било констатирано дека избраното лице – соодветна согласно нормативот за наставен кадар за изведување на настава по предметот дизајн на мебел за трета година (5 наставни часа) и четврта година (5 наставни часа).

На крајот на претставката, подносителката истакнува дека на 15.8.2023 година бил објавен конкурс за вработување на наставник по предметот Дизајн на мебел за 20 наставни часа, односно за полно работно време за учебната 2023/2024 година, со тоа што на истиот била избрана лицето за кое било констатирано дека е несоодветно согласно претходно наведеното решение на Државниот просветен инспекторат.

Во прилог на претставката беа доставени и:

- Потврда од Архитектонски факултет бр. 16/29 од 20.11.2013 година за стекнат назив дипломиран инженер архитект со 300 кредити според ЕКТС;
- Договор за вработување на неопределено време бр. 04-321/3/ од 28.11.2011 година;
- Договор за вработување на јавен службеник бр. 04-178/2 од 4.5.2012 година;
- Одлука за прераспоредување на наставници и стручни соработници бр. 04-420/1 од 31.8.2022 година;
- Правилник за систематизација на работните места во ДСУЛУД „Лазар Личеновски";
- Решение за распределба на часови во учебната 2018/2019 година;
- Записник на Државен просветен инспекторат бр. 09-1247 од 19.9.2022 година;
- Мислење издадено од Биро за развој на образованието бр. 08-1758/2 од 28.9.2022 година;
- Решение на Државен просветен инспекторат бр. 09-1247 од 19.9.2022 година;
- Одлука за распоредување на наставници и стручни соработници бр. 012-480/1 од 28.9.2022 година;
- Нов договор за вработување бр. 04-481/6 од 28.9.2022 година, кој подносителката на претставката за заштита од дискриминација не го потпишала;

- Одлука бе. 02-531/6 на Училишниот одбор на ДСУЛУД „Лазар Личеновски" од 8.11.2022 година;
- Одлука за прераспределба на работник на друго соодветно работно место во дејноста која одговара на степенот на стручна подготовка бр. 04-487/1 од 29.9.2022 година;
- Пресуда на Основен граѓански суд – Скопје од 29.11.2023 година (извадок);
- Жалба до Апелационен суд Скопје поднесена на 20.2.2024 година;
- Одговор на тужба (извадок);
- Информација издадена од БРО во однос на актуелниот наставен план на ДСУЛУД „Лазар Личеновски" бр. 08-377/2 од 6.3.2024 година;
- Записник бр. 09-1433 од Државен просветен инспекторат од 13.10.2022 година;
- Решение на Државен просветен инспекторат бр. 09-1433 од 13.10.2022 година;
- Конкурс за вработување во ДСУЛУД „Лазар Личеновски" од 15.8.2023 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 12.4.2024 година испрати Известување бр. 08-324/2 за произнесување по наводите од претставката до директорот на ДСУЛУД „Лазар Личеновски" –

На ден 15.5.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ДСУЛУД „Лазар Личеновски" и директорот на училиштето одговор на претставката заведено под арх. бр. 08-324/3, поднесено преку полн. адвокат

Во одговорот на претставката, од училиштето наведуваат дека со ваквата претставка за заштита од дискриминација, подносителката се обидува да создаде статус на жртва, без изложување на целосната фактичка состојба. Оттука, ги потврдуваат наводите дека подносителката е вработена ан неопределено време со Договор бр. 04-321/3 од 28.11.2011 година, при што со одлука за распоредување на часови на наставници и стручни соработници бр. 012-480/1 од 28.9.2022 година, се изменува претходната одлука за распоредување на часови на наставници и стручни соработници бр. 04/420-1 од 31.8.2022 година, со која на подносителката ѝ бил доделен фонд од вкупно 20 часа неделно и тоа: Перспектива – 4 часа, Нацртна геометрија – 4 часа, Типографија – 8 часа, Основи на конструкции 3 и 4 – 4 часа врз основа на задолжение бр. 09-1247 од 7.9.2022 година од Директорот на Државниот просветен инспекторат – Скопје по добиен писмен допис бр. 09.1247 од 6.9.2022 година поднесено од од Скопје заради проверка на наводите за неправилности во ДСУЛУД „Лазар Личеновски" при распоредување на наставници по предметите Дизајн на керамика, Дизајн на ентериер, Типографија, Основи на конструкции и адвертајзинг.

Во продолжение на произнесувањето, од страна на училиштето образложуваат дека тие не се причината за намалениот број на часови на подносителката на претставката за заштита од дискриминација, туку ваквото намалување е направено по извршен инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат, за кој бил изготвен записник на кој било констатирано дека наставниот предмет Типографија кој бил распореден кај подносителката е несоодветен за нејзиното завршено образование – архитектонски факултет, но дека ваквото распоредување било направено заради дополнување на нејзиниот фонд на часови. Притоа, по спроведувањето на вонредниот инспекциски надзор, ДСУЛУД „Лазар Личеновски" и директорот е задолжени согласно донесеното Решение бр. 09-1247 од 19.9.2022 година од страна на Државниот просветен инспекторат, да преземат мрки и активности со цел извршување распоредување на наставниот кадар согласно нормативите во наставните програми за предметите: типографија и основи на конструкции (во трета година), а

согласно член 3 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и член 92 од Законот за средно образование во рок од 8 дена. Следствено на ова, во произнесувањето наведуваат дека директорот постапил до задолженијата од претходно наведеното решение и донел Одлука за распоредување на часови на наставници и стручни соработници бр. 012-480/1 на 28.9.2022 година согласно која што на подносителката на претставката ѝ биле распоредени 10 часа само за наставните предмети за кои има соодветно образование согласно наставните нормативи. Оттука, бил изготвен нов договор за вработување на неопределено време бр. 04-481/6 од 28.9.2022 година, со кој во членот 5 од истиот било уредено дека работното време изнесува 10 наставни часа односно 20 работни часа во текот на работната недела.

Во продолжение, од страна на училиштето наведуваат дека подносителката на претставката имала поднесена инцијатива за вонреден инспекциски надзор пред Државниот просветен инспекторат, следствено на која бил изготвен Записник бр. 09-1433 од 13.10.2022 година. Притоа, во предметниот записник било констатирано дека тврдењето на подносителката на претставката за несоодветно образование на наставничката за наставниот предмет Дизајн на ентериер е неосновано, како и дека согласно член 21 став 1 и став 2 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, директорот е должен да склучи нов договор за работен однос на неопределено време пократко од полното работно време кое во случајов настанало поради новата одлука за распоредување на часовите.

На крајот на претставката, од страна на училиштето наведуваат дека во конкретниот случај не е наведен компаратор во однос на кој подносителката би можела да ги истакне своите наводи за дискриминација. Дополнително на ова, во произнесувањето е истакнато дека потнецијалните дискриминатори постапиле согласно задолженијата од Државниот просветен инспекторат, кој утврдил дека подносителката немала соодветно образование за наставните предмети кои ѝ биле одземени и дадени на друга наставничка која го поседувала соодветното образование за истите.

Во прилог на произнесувањето, ДСУЛУД „Лазар Личеновски" и директорот ја доставија следната документација:

- Полномошно;
- Пресуда од Основен граѓански суд Скопје РО-5176/22 од 29.11.2023 година;

Во однос на поднесеното произнесување, Комисијата утврди дека потенцијалниот дискриминатор не се произнел во однос на последниот дел од наводите во претставката, кои се однесуваат на повторното објавување на јавен оглас за вработување на наставник по предеметите Дизајн на мебел за учебната 2023/2024 година, на кој повторно била избрано лицето а, за кое е констатирано дека не го поседува соодветното образование за наведениот наставен предмет.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на директорот на ДСУЛУД „Лазар Личеновски", согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми*

*на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Во конкретниот случај, Комисијата констатира дека во недостаток на повреда на право и понеповолен третман **врз наведената дискриминаторска основа**, произлегува дека не е исполнета законската дефиниција за сторена дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Од утврдената фактичка состојба произлегува дека во случајот не постојат индиции кои укажуваат на тоа дека на подносителката на претставката за заштита од дискриминација се базира врз основ на нејзиното образование, кој во претставката е наведен како дискриминаторска основа, при што потенцијалната повреда на нејзините права од во врска со работниот однос заснован со ДСУЛУД „Лазар Личеновски" Скопје не може да претставува дискриминација согласно претходно наведениот член од ЗСЗД.

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основ на образование во областа на работата и работните односи од страна на директорот на ДСУЛУД „Лазар Личеновски" – . врз

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
27.6.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- .000 Скопје
- Полн. адвокат 000 Скопје